Врз основа на чл.36 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) чл.41 од Статутот на Општина Лозово (Сл.Гласник на Општина Лозово бр.02/05,29/14 и 73/17) Советот на Општина Лозово на ден 24. 12.2021год донесе :

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
Примено: 29.12.2021 год.
Орг. Един.: 0801 Број: 2353/1 Прилог: Вредност:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

Архивски знак: 0801
Рок на чување: [illegible] год.
24.12. 20 21 год.
Потпис,

## I ВОВЕД:

Предмет на уредување на оваа Програма се формите на младинско организирање, учество на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив, стратешките документи на локално ниво, активностите и мерките кои ги преземаат органите на локалната самоуправа на Општина Лозово за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активности поврзани со и за млади.

## II ЦЕЛИ:

- Креирање и спроведување на политика на младите од Општина Лозово на сите нивоа преку повеќе секторски пристап, поаѓајќи од потребите и интересите на младите;

- Зајакнување на учеството на младите од Општина Лозово во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога;

- Промовирање меѓугенерациско партнерство за поддршка на учество на младите од Општина Лозово во процесот на донесување на одлуки и политики;

- Поддршка и унапредување на младинското организирање;

- Поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво;

- Поттикнување на волонтерство, младински активизам и младинската работа и

- Поттикнување на личен, професионален и социјален развој кај младите од Општина Лозово.

## III АКТИВНОСТИ:

Активностите на Општина Лозово од областа на младите ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа програма и тоа:

-Поттикнување на младите кон активности за подобрување на животот на младите од Општина Лозово;

-Реализирање на манифестации, програми од областа на културно- уметнички настани и спортски настани кои даваат посебно обележје на Општина Лозово;

-Спроведување на еко-акција;

-Одбележување на Денот на планетата Земја;

-Поддршка на истражувачки активности за различни теми поврзани со младите од Општина Лозово;

-Поддршка на проектни активности;

-Учество на младите во креирање на буџетот на Општина Лозово;

-Учество на младите во изготвување на програмата за работа на Општина Лозово;

Општина Лозово ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на традиционални манифестации кои ќе ја афирмираат Општина Лозово во државата и надвор од неа.

## IV ФИНАНСИРАЊЕ:

Поаѓајќи од значењето и улогата на младите во организациони форми со цел уште повеќе и помасовно да ги насочиме младите кон нивните активности, Општина Лозово од буџетот за 2022 година ќе финансира за реализација на оваа програма.

| Ред.бр. | Активност | Временска рамка | Општина Лозово | Трансфери, други извори,при-ходи, донации | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на програмски активности на младински | 2022година | 20.000,00 | | 20.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | граѓански организации | | | | |
| 2. | Поддршка на активности на Совет на млади од Општина Лозово | 2022 година | 30.000,00 | | 30.000,00 |
| 3. | Непредвидени трошоци | 2022 година | 10.000,00 | | 10.000,00 |
| | | | | | |
| | | | ВКУПНО: | | 60.000,00 |

**IV ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ:**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Лозово".

**Дата :**

24.12.2021 година

**Изготвил:**Службеник за млади

Магделена Моневска Давевска

М. М. Давевска

**Совет на Општина Лозово**

**Најстар член-Владе Миланов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО